Уп. бр. 08-61

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Лин Ји Интернешнл Инвестментс Цо., Лтд со регистрирано седиште на 15 Ф., бр.207-1, дел 3 Беиксин Рд., Ксиндиан Дист. Нов Тајпеј Сити 231030, Тајван и Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион со регистрирано седиште на 10 Оххура-цхо, Накахара-ку Кавасаки-схи, Канагава, 211-8522 Јапонија, доставено преку Филип Зафировски, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 06.05.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвата Лин Ји Интернешнл Инвестментс Цо., Лтд со регистрирано седиште на 15 Ф., бр.207-1, дел 3 Беиксин Рд., Ксиндиан Дист. Нов Тајпеј Сити 231030, Тајван и Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион со регистрирано седиште на 10 Оххура-цхо, Накахара-ку Кавасаки-схи, Канагава, 211-8522 Јапонија ќе стекнат заедничка контрола над Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд. со регистрирано седиште на 1 Дојо, Фуцху-мацхи Тојама-схи, Тојама, 939-2757, Јапонија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 24.03.2026 година, а дополнето на ден 15.04.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвата Лин Ји Интернешнл Инвестментс Цо., Лтд со регистрирано седиште на 15 Ф., бр.207-1, дел 3 Беиксин Рд., Ксиндиан Дист. Нов Тајпеј Сити 231030, Тајван и Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион со регистрирано седиште на 10 Оххура-цхо, Накахара-ку Кавасаки-схи, Канагава, 211-8522 Јапонија, со која Лин Ји Интернешнл Инвестментс

Цо., Лтд и Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион ќе стекнат заедничка контрола над Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд. со регистрирано седиште на 1 Дојо, Фуцху-мацхи Тојама-схи, Тојама, 939-2757, Јапонија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**-Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион** (МФТБЦ) е производител и добавувач на големо на лесни и тешки камиони и автобуси под брендот Фусо за различни намени. Што се однесува до автобусите, МФТБЦ испорачува лесни и тешки автобуси во Јапонија и лесни автобуси глобално, главно преку активностите што ќе бидат пренесени на целното друштво-Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд.. МФТБЦ, исто така, произведува соодветни резервни делови и индустриски мотори.

Во однос на производството на автобуси, МФТБЦ:

-Произведува и испорачува (на големо и на мало) во Јапонија само следниве тешки автобуси: автобусите Аеро Квин (*Aero Queen*), Аеро Ејс (*Aero Ace*) и Аеро Стар (*Aero Star*) во категориите градски автобуси и туристички автобуси; и

-Произведува и испорачува (на големо и мало) во Јапонија и (на големо) на меѓународните пазари лесни автобуси: моделот Роса (*Rosa*) (5,2 до 6,3 тони со капацитет за седење на патници од 25 до 33, дизајниран за општ патнички, училишен и специјален превоз) и моделот БА (*BA*) (што не е дел од трансакцијата).

МФТБЦ развива и произведува низа индустриски мотори за различни намени, вклучувајќи употреба надвор од автопат, како што се багери, кранови, генератори на енергија, градинарски трактори и виљушкари. МФТБЦ моментално ниту произведува ниту испорачува автобус со нулта емисија (*ZEV*).

МФТБЦ приватно друштво, во мнозинска сопственост и единствено контролирано од Даимлер Трак АГ[1] (ДТАГ) (89,29%). ДТАГ е корпорација активна во бизнисот со камиони и автобуси и фокусирана на производство и продажба на камиони и автобуси. Палетата на производи на ДТАГ за камиони вклучува лесни, средни и тешки камиони за долги растојанија, дистрибуција и транспорт на градилишта, како и специјални возила кои се користат главно во општински примени.

ДТАГ не контролира ниту едно зависно друштво во Северна Македонија, а неговите производи ги дистрибуира независен дистрибутер - трета страна на групацијата Даимлер во Северна Македонија, друштвото Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје.

**-Лин Ји Интернешнл Инвестментс Цо., Лтд,** (ЛЈИЦ) е инвестициско друштво во сопственост на Хон Хаи Прецижн Индастри Цо., Лтд., основано во 1974 година во Тајван, Хон Хаи Прецижн Индастри Цо., Лтд., кое работи под името Фохцонн ("Фохцонн") заедно со своите контролирани субјекти ("Групација Фохцонн"), е глобален производител на електроника и водечки снабдувач на технолошки решенија. Нуди услуги за производство на електроника во следните сегменти на производи: паметна електроника за широка потрошувачка, клауд и мрежи, компјутери; и електронски компоненти и друго.

---

[1] Даимлер Трак АГ (*Daimler Truck AG*) е 100% во сопственост на Даимлер Трак Холдинг АГ (*Daimler Truck Holding AG*), кое пак котира на Франкфуртската берза.

Групација Фохцонн нема зависни друштва, филијали или претставништва инкорпорирани во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

**-Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд** (МФБМ) моментално е зависно друштво во целосна сопственост на МФТБЦ. Ќе се занимава со развој, производство и продажба на автобуси. За таа цел, пред комплетирањето на предложената трансакција, МФТБЦ интерно ќе ги пренесе средствата, обврските, договорите, и други права и обврски што ги поседува МФТБЦ единствено во врска со бизнисот со авотбуси (што значи развојот, производството, продажбата на автобуси, освен набавка на делови, меѓународна продажба и постпродажни услуги).

Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд нема присуство или активности во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Siљановска Николиќ**